Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта -Скопје ц.о.
Ndërmarrja publike e mirëmbajtjes dhe mbrojtjes së rrugëve magjistrale dhe rajonale-Shkup c.o.
Бр./Nr. 02 -1928/2
17.11 2020 год./viti

Врз основа на член 19 став 2 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18,35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19) и член 23 став 2 точка 1 од Статутот на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје, Управниот одбор на седницата одржана на 17.11.2020 година донесе

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**

за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта- Скопје

**Член 1**

Во Статутот на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта – Скопје бр. 01-251 од 04.06.2012 година, бр. 02-611/7 од 30.09.2013 година, бр. 02-56/8 од 15.01.2015 година, бр. 02-545/3 од 12.03.2015 година и бр. 02-849/2 од 25.04.2019 година, во членот 20 сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по зборот „Директорот“ се додаваат зборовите „и заменик на директорот“.

**Член 2**

Во членот 23 став 2 во точката 4 зборот „го“ се заменува со зборот „ги“, а по зборот „директорот“ се додаваат зборовите „и заменик на директорот“.

Точката 12 се брише.

Точката 12-а станува точка 12.

**Член 3**

Во членот 26 во ставот 1 по зборот „директор“ се додаваат зборовите „односно заменик на директор“.

Во ставот 2 по зборот „директор“ се додаваат зборовите „односно заменик на директор “.

Во ставот 3 по зборот „директор“ се додаваат зборовите „односно заменик на директор“.

Во ставот 4 по зборот „директор“ се додаваат зборовите „односно заменик на директор“.

Ставот 5 се менува и гласи:

„Во случај на престанок на функцијата на директорот пред истекот на мандатот, заменикот на директорот на кој не му е истечен мандатот, до именувањето на директор по распишан конкурс, но не подолго од шест месеци, ја врши должноста директор“.

**Член 4**

Насловот пред членот 29 се менува и гласи:

„Директор и заменик на директор“.

**Член 5**

Во членот 29 ставот 2 се брише.

**Член 6**

По членот 29 се додава нов член 29-а кој гласи:

**„Член 29-а**

Директорот на претпријатието има заменик што го заменува и го води тековното работење на јавното претпријатие во негово отсуство.“

**Член 7**

Во членот 32 во ставот 1 по зборот „Директорот“ се додаваат зборовите „односно заменик на директорот“.

Во ставот 2 по зборот „Директорот“ се додаваат зборовите „односно заменик на директорот“.

Во ставот 3 по зборот „Директорот“ се додаваат зборовите „заменик на директорот“.

**Член 8**

Во членот 33 став 1 во воведната реченица по зборот „Директорот“ се додаваат зборовите „односно заменик на директорот“.

Во ставот 2 по зборот „директорот“ се додаваат зборовите „односно заменик директорот“.

Ставот 3 се брише.

**Член 9**

Се овластува стручната служба на Јавното претпријатие по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија на оваа статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот да изготви пречистен текст на Статутот на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта - Скопје.

**Член 10**

Оваа статутарна одлука влегува во сила со денот на објавувањето на огласната табла во Јавното претпријатие, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Северна Македонија.

**УПРАВЕН ОДБОР**
Претседател
__________________
Билјана Симонова – Тасева